**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

***На измена и дополнување на Буџетот на Општина Крушево за 2020***
***(ВТОР РЕБАЛАНС НА БУЏЕТ 2020 година)***

Буџетот на Општина Крушево за фискалната 2020 година се подготви по насоките за подготовка на Буџетите на ЕЛС за 2020 година дадени во буџетскиот циркулар добиен од Министерот за финансии под бр.08-8246 /1 од 30.09.2019 год. наш број 03-1153/1 од 09.10.2019 година,како и допис бр..08-8246/2 од 13.12.2019 година наш бр..03-1153/4 од 17.12.2019 година. Согласно член 27 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61 /04, 96/04 , 67/07 , 156/09 и 47/11,192/15 и 209/18) Министерот за финансии Буџетскиот циркулар за 2020 година го доставува до градоначалникот на Општината.

Буџетскиот циркулар за изготвување на Буџетот на општините за 2020 година вклучува посебни информации за процесот на буџетирање,формата и содржината на Буџетот, односно планирање на расходите по програми и потпрограми согласно изворните и пренесени надлежности ,како и прегледи за планирање на приходите за пренесените надлежности во културата , социјалната заштита, образованието и противпожарната заштита..

Министерството за финансии во соработка со општините во изминатиот период изврши значителни подобрувања во формата и содржината на буџетот,односно усогласување на формата на буџетот на општините со формата на Буџетот на Република Македонија.Воедно подобрен е начинот на известување согласно меѓународните стандарди како и зголемување на транспарентноста со воспоставување на протпрограмите и подпрограмите и истото се однесува и со формата и содржината на измените и дополнувањатана буџетот - ребалансот кој се прави во текот на фискалната година.

Согласно член 2,точка 8 од Законот за буџетите (Сл.весник бр. 64/05 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11 и 171/12) **буџетот на единицата за локална самоуправа претставува годишен план на приходи,други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет,буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.** Во 2020 година и во наредниот период реформите кои ќе се спроведуваат и ќе се интензивираат се реформите на буџетскиот процес изразени преку: зголемувањето на фискалната одговорност,отчетност и транспарентност; потоа унапредување на буџетскиот процес ,со понатамошно подобрување на буџетското планирање и извршување преку дефинирани програми, па потранспаретно планирање и искористување на капиталните расходи.

Буџетот на општината односно ребалансот на буџетот се состои од три сегменти и тоа општ,посебен и развоен дел.

Општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година.како и глобалните проекции на приходите,приливите,расходите и одливите за наредните две години,вклучувајќи го и планираниот дефицит.

Посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници и фондовите по програми ,потпрограми и ставки за фискалната година.

Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на Општината.

Општина Крушево според донесениот буџет за фискалната 2020 година фискална 2020 година ја започне со донесен буџет во вкупен износ од **184.896.000,00 денари** . Буџетот за 2020 година со првиот ребаланс и проширувањата и пренамените направени до Август 2020 година достигна висина од **199.889.000,00 денари,** односно со пораст **од 108,10 %** во однос на основниот Буџет за 2020 година.

Направени се Одлуки за пет проширувања и две Одлука за пренамена.Со одлуката бр.08-110/4 од 20.01.2020 година **извршено е проширување на средства во Буџетот во вкупен износ од 2.722.000,00 денари и тоа :**

-проширување во буџетот за дотации за износ од 2.722.000,00 денари,тоа е износот на пренесени,а непотрошени средства-салда од претходната 2019 година

Со одлука бр.08-253/5 од 12.02.2020 година извршено е проширување на **вкупен износ од 370.000,00 денари и тоа:**

-проширување е во буџетот на донации за износ од 370.000,00 денари во програмата Н1,за трошковното место ОУ-Св.Кирил и Методиј – Бучин донацијата за Проектот ЕРАЗМОС и тоа износ 370.000,00 ден.

Со одлука 08-253/4 од 12.02.2020 година е извршена пренамена на срдства во износ од 280.000,00 ден за финансиска поодршка за материјални средства за подпрограва В1 за дрва.

Со одлуката за проширување бр.08-481/4 од 04.05.2020 год. е извршено проширување на средствта во Буџетот на донации за износ од 104.000,00 ден за програма Н2 за реализација на проектот МЕРКА 3 МОН и тоа сума од 87.000,00 ден се како пренесено салдо од претходн години и сума од 17.000,00 пустени пари во 2020 год.

Со одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево бр.08-583/6 од 03.06.2020 год. се изврши прераспределување на некои средства по конта онаму каде што беше потребно.

Со одлуката за проширување бр.08-583/7 од 03.06.2020 год. направено е проширување на средствата на Буџетот во донациите и тоа: за МСИП 70 Приходите од светска банка 982.000,00 ден и Приходи од обединети нации 192.000,00 ден.

Со одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крушево бр.08-797/5 од 27.07.2020 год во донациите се прошируват средствата за

675.000,00 ден од кои 527.000,00 ден е донација од Тутунска Банка и 148.000,00 ден се пренесуваат од Буџетот на Општина Крушево на сметката за донација 785 за реализација на проектот - Кругот на адреналинот.

Износот на Основниот Буџет за 2020 година проширен и изменет по Одлуките на Советот на Општината се дава како предлог за измена и дополнување на буџетот за 2020 година понатака предлог за ребаланс на буџетот во износ од **204.792.000,00 денари**

Буџетот односно предлог ребалансот на буџетот како целина е во висина од **204.792.000,00 денари** и е консолидиран буџет составен од неколку посебни буџети како делови и тоа:

1.**Основен буџет** од 96.986.000,00 денари се зголемува на **98.127.000,00** ден за 1.160.000,00 ден обезбедени средства од Агенција за животна средина и просторно планирање за изградба за резервоар за вода во с.Јакреново , а се намалува Дотацијата од ДДВ за 2020 год за 18.811,00 ден односно 19.000,00 ден заокружено на три цифри која мораме да ја усогласиме со добиеното известување од Министерството за финансии бр.08-3469/2 од 09.06.2020 год. или учество на основниот буџет од **47.91 %** во вкупно проектираниот предлог ребаланс на Буџет.

2.**Буџет на приходите** од самофинансирање на корисниците во висина од **5.767.000,00** ден останува исто и има **2.83 %** учество во вкупниот предлог ребаланс на Буџет.

3.**Буџет на дотации**,наменски дотации во висина од 89.013.000.00 ден се зголемува за 820.000,00 денари односно **89.833.000,00** ден усогласена со државниот ребаланс на Р.С.Македонија донесен во Ноември 2020 год.Зголемување на блок дотацијата има во основното образование за 150.000,00 ден ,во средното образование за 616.000,00 ден во култура 68.213,00 ден заокружено на три цифри односно 69.000,00 ден и во социјалната заштита има намалување на блок дотацијата од 15.000,00 ден. Учество на Буџетот на дотации во вкупно проектираниот предлог ребаланс на Буџет е **43,86 %**.

**4.Буџет на приходи од донации** во висина од **6.145.000,00** денари и учество со **3.00 %** во вкупно проектираниот предлог ребаланс на Буџет.

5.**Буџет на приходи од кредити** во висина од **4.920.000,00** денари и учество од **2,40** % во вкупно проектираниот Буџет.

Основни извори на приходи во Буџетот на општината Крушево за фискалната 2020 година се даноците ,таксите, дотациите ,трансверите од централната власт, донациите,кредити и приходите остварени од самостојното вршење на дејност на корисниците - единки на буџетот.

Ребалансот на Буџетот на Општина Крушево за фискалната 2020 година прикажан во општиот дел по член 1 од предложениот Предлог Ребаланс на Буџет изнесува:

1. ) **Вкупни приходи планиран(проектиран) износ од 204.792.000,00 денари и тоа по видови приходи како што следува:**

а.) Даночни приходи износ од 17.403.000,00 денари;
б.) Неданочни приходи износ од 2.885.000,00 денари ;
в.) Капитални приходи износ од 2.689.000,00 денари;
г.)Приходи од дотации износ од 89.833.000,00 денари;
д.)Трансвери -планирани приходи износ од 75.298,000,00 денари ;
ѓ.) Приходи од донации износ од 5.997.000,00 денари;
е.) Приходи од кредити износ од 4.920.000,00 денари;
ж.) Приходи од самофинансирачки активности износ 5.767.000,00 денари;

Се изврши и пренамена на приходите на Основниот Буџет и покривање на помалку планираните приходи онаму каде што беше реализацијата помала

Подставка 725939 програма АО -55.000,00 ден се пренесуваат на
Подставка 725942 програма АО 30.000,00 ден
Подставка 725982 програма АО 25.000,00 ден

Подставка 717116 програма АО -600.000,00 ден
Подставка 717112 програма АО -200.000,00 ден
Подставка 717111 програма АО -200.000,00 ден се пренесуваат на
Подставка 733111 програма АО 1.000.000,00 ден

Подставка 733144 програма АО -100.000,00 ден се пренесуваат на
Подставка 711133 програма АО 100.000,00 ден

Подставка 717131 програма АО -50.000,00 ден се пренесуваат на
Подставка 711111 програма АО 50.000,00 ден

Подставка 717131 програма АО -100.000,00 ден се пренесуваат на
Подставка 711112 програма АО 100.000,00 ден

**2**.) **Вкупни планирани расходи во износ од 204.792.000,00 денари**

а.) расходи од утврдени намени износ од 204.342 .000,00 денари
б.) резерви износ од 450.000,00 денари

**3**.) Со буџетот се планира и одлив,односно отплата на главница износ од 880.000,00 денари.Реалната отплата за 2020 година е и се однесува за отплата на по два ануитети по основ на двете задолжувања,задолжувањето за МСИП -1 и МСИП-2 преку МФ на РСМ. На 12.02.2020 год и 14.08.2020 год извршена е исплата на првиот и вториот ануитет на два износи и тоа 354.312,00 ден- МСИП 1 и 512.940,00 ден. - МСИП 2.

Расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа:
Расходи: а.)-Тековно -оперативните расходи износ од 152.329.000,00 денари и процент на учество во вкупните расходи од 74.38 % и
б.)- капитални расходи - износ од 52.463.000,00 денари и процент на учество во вкупните расходи од 25.62 %.

**Основниот предлчог буџет** износ од **98.127.000,00** денари ги содржи следните расходи:
а.)Основни плати и надоместоци износ од 17.928.000,00 ден. или процент на учество во вкупните расходи на основниот буџет од **18.27 %;**
б.) Резерви и недефинирани расходи износ од 450.000,00 денари или процент на учество во вкупните расходи на основниот буџет од **0,46 %;**
в.) Стоки и услуги -износ од 34.093.000,00 денари или процент од **34.74 %** во вк.износ на основниот буџет;
г.)каматни плаќања -износ од 40.000,00 денари или процент од **0,04 %**
г.) Субвенции и трансвер износ од 1.417.000,00 денари или **1.44%** учество во основниот буџет;
д.) Социјални бенефиции износ од 613.000,00 денари или **0,62%** учество во основниот буџет и
ѓ.) Капитални расходи износ од 42.706.000,00 денари или **43.53%** учество во расходите на основниот буџет.
е.) Отплата на главница износ од 880.000,00 денари или **0.90%** учество во расходите на основниот буџет.

Расходите од буџет се извршуваат преку 14 програми односно 60 потпрограми согласно законските прописи утврдени од страна на Министерството за финансии. Општина Крушево во буџетот ги има прифатено следните програми со потпрограми:

**А.) Основниот предлог Буџет е износ од 98.127.000,00 денари**

Пренамените на средствата во Буџетот се движат на следниот начин:

Подставка 463120 програма ЛО -11.000,00 се пренесува на
подставка 482920 програма ЛО 11.000,00

Подставка 463120 програма ЛО -10.000,00 се пренесува на
подставка 425990 програма Г2 10.000,00

Подставка 463120 програма ЛО -40.000,00
Подставка 463160 програма ЕО -15.000,00
Подставка 463120 програма ЛО -15.000,00 се пренесуваат на
Подствака 426310 програма ЕО 70.000,00

Подставка 464990 програма ЛО -50.000,00
Подставка 463120 програма ЛО -50.000,00 се пренесуваат на
Подставка 425990 програма ЛО 100.000,00

Подставка 421190 програма Ј8 -100.000,00 се пренесува на
Подставка 425990 програма Ј8 100.000,00

Подставка 423720 програма Ј6 -80.000,00 се пренесува на
Подствака 482940 програма ЛА 80.000,00

Подставка 421240 програма ЕО -60.000,00 се пренесува на
Подствака 423410 програма ЛА 60.000,00

Подставка 463190 програма ЕО -55.000,00 се пренесува на
Подствака 463110 програма ЕО 55.000,00
Подставка 424190 програма ЊО -15.000,00 се пренесува на
Подставка 424110 програма ЊО 15.000,00

Подставка 424190 програма ЊО -26.000,00 се пренесува на
Подставка 424440 програма ЊО 26.000,00

Подставка 482730 програма ЈГ -104.000,00
Подставка 485420 програма ЕО -150.000,00
Подставка 425920 програма ЕО -70.000,00 се пренесува на
Подставка 427110 програма ЕО 324.000,00

Подставка 464990 програма К4 -60.000,00 се пренесува на
Подставка 425990 програма К4 60.000,00

Подставка 482130 програма JД -1.710.000,00 се пренесува на
Подставка 424320 програма J6 1.480.000,00
Подставка 482940 програма ЕО 200.000,00
Подставка 482940 програма JГ 30.000,00

Подставка 423910 програма J3 -135.000,00 се пренесува на
Подставка 423910 програма Г2 135.000,00

Подставка 482920 програма JИ - 45.000,00 се пренесува на
Подставка 425990 програма Г1 45.000,00

Подставка 426210 програма ДО - 70.000,00 се пренесува на
Подставка 471160 програма ДО 70.000,00

Подставка 482920 програма JИ - 20.000,00 се пренесува на
Подставка 425990 програма Н1 20.000,00

Подставка 482920 програма JИ - 143.000,00
Подставка 482940 програма JИ -12.000,00 се пренесува на
Подставка 426410 програма ЕО 155.000,00

Подставка 420210 програма АО - 10.000,00
Подставка 420220 програма АО -10.000,00
Подставка 420230 програма АО -10.000,00 се пренесува на
Подставка 423810 програма АО 30.000,00

Подставката 426210 програма АО -30.000,00 се пренесува на
Подставката 423990 програма ЕО 30.000,00

Подставката 426210 програма АО -20.000,00 се пренесува на
Подставката 424420 програма ЕО 20.000,00

Подставката 464990 програма АО -20.000,00 се пренесува на
Подставката 421320 програма ЕО 20.000,00

Подставката 423320 програма ЊО -10.000,00 се пренесува на
Подставката 426990 програма ЊО 10.000,00

Министеството за животна срдина и просторно планирање на Општина Крушево му додели финансиски средства во износ од 1.160.000,00 односно 30% од учеството за Водоснабдување на с.Јакреново и се избуџетиранио на трошковната ставка 482720 програма ЈГ.

Соогласно дописот добиен од Министерството за финансии Дотацијата за ддв за Општина Крушево треба даа се намали од 16.186.952,00 ден на 16.168.141,00 одниосно 18.811,00 или заокрушено на три цифри 19.000,00 ден

Претходен Билан на расходи на основниот буџет беше 96.986.000

| | |
|---|---|
| Мин.за живот.сре и про.план | 1.160.000 |
| Усогласување на Дотација од ДДВ | -19.000 |
| Вкупни расходи на основен Буџет | 98.127.000 |

Вкупно 98.127.000.000,00 денари.Се забележуваат само ставките и потпрограмите каде има промена со овој ребаланс.

**Б.) - Буџетот на дотација** од 89.013.000,00 се зголемил на 89.833.000,00 усогласено со вториот државен ребаланс донесен во Ноември 2020 год.

| | | |
|---|---|---|
| Основното училиште зголемување за | 150.000,00 | |
| Средното училиште зголемување за | 616.000,00 | |
| Детска заштита **намалување** од | 15.000,00 | |
| Култура зголемување за | 68.213,00 | (заокр.на 69.000,00) |
| **Вкупно:** | **820 .000,00** | |

Во Буџетот на дотација се направени и некои пренамени на средствата онаму каде што беше потребно според барањата од корисниците.

**В**.) **Буџетот на донации** изнесува **6.145.000,00** денари со вклучени **62.000,00** денари на подставка 425990 - на програма Г2-Поттикнување на развојот на туризмот-за реконструкција на мовчето кај Крушевското езеро.Во програмата Г1-Поддршка на локалниот економски развој до 31.12.2020 год преку Агенција за вработување ќе бидат пуштени **180.000,00** односно 80% од учеството за Општинско корисната работа буџетирани на подставка 425990 и Проектот за зајакнување на Општинските совети во износ од **2.700.000,00** .Оваа донација е добиена од Програмата за развој на Обединети нации за опремување на мултифункционална сала.

**Г**.) **Буџетот од самофинансирање** изнесува 5.767.000,00 денари и нема промени.

**Д.) Буџет од кредити изнесува** 4.920.000,00 денари и нема промени.

.

За тоа како е структурата на буџетските расходи по функциите на ЕЛС- може да се види од прегледот **Буџетски расходи по функции на ЕЛС и функционалните расходи по потпрограми** прилог во печатената форма на предлог ребаланс на Буџетот Буџет за 2020 година

Крушево: 09.11.2020 година

Изработил:
Милка Најденоска
-Цветкоска